**ДП.бр.12-04-1**

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РМ (подолу како ДК при КИРМ) во состав од Николче Диневски извршител, како Претседател на Дисциплинска комисија и Ванчо Марковски извршител, како член-известител на Дисциплинска Комисија, судија Владимир Панчевски Основен суд Скопје 1 Скопје, судија Улбер Хасани Основен суд Скопје 2 Скопје и Јасна Жежова од Совет на Јавните обвинители, како членови на Дисциплинска Комисија и Кристина Терзиевска Вучевска како записничар, постапувајќи по Предлогот за поведување на дисциплинска постапка УПП.бр.09-8 од 29.06.2018 година на Министер за правда на РМ, во присуство на извршителот, по одржан главен претрес, на ден 29.08.2018 година, го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

**СЕ ОГЛАСУВА ЗА ВИНОВЕН** извршител А. Т. именуван за подрачјето на Основен суд С.1 С.и Основен суд С. 2 С.

**ЗАТОА ШТО:**

1. Извршителот А. Т. од С. при спроведувањето на извршувањето по предметот И.бр.1447/16 и покрај тоа што со Решение ППНИ бр. 85/17 од 27.02.2017 година на Основен суд С. 2 С.биле утврдени неправилности во извршувањето и биле ставени вон сила Налогот за извршување врз недвижност И.бр.1447/16 од 27.12.2016 година и сите преземени извршни дејствија, на ден 28.03.2017 година поднел пријава за промена на правото на наслов- сопственост во АКН Скопје, со прилог Заклучок за предавање во владение И.бр.1447/16 од 08.02.2017 година, со што извршителот постапил спротивно на член 54 став 1 алинеја 11 од ЗИ;

2. Извршителот А. Т.од С. при спроведувањето на извршувањето по предметот И.бр.1447/16 со писмен допис побарал од трето лице С. Б. АД С. да му бидат платени средства за јавна објава, но не извршил јавна објава за достава на решението ППНИ.бр.85/17 од 27.02.2017 година до лицето Б. С. од П., ниту ги вратил паричните средства во износ од 7.000,00 денари на третото лице уплатени на ден 28.02.2018 година, иако уште пред да бидат уплатени средствата за јавна објава доверителот со поднесок од 10.01.2018 година го повлекол барањето за извршување, за што извршителот донел Заклучок за запирање на извршување И.бр.1447/16 од 11.01.2018

година со што извршителот постапил спротивно на одредбите на член 54 став 1 алинеи 10 и 13 од Законот за извршување.

Со дејствијата опишани под точка 1 од изреката извршителот А.Т., сторил дисциплинска повреда по член 65 став 1 алинеја 7 од Законот за извршување :"пропуштил да преземе должно дејствие или презел дејствие спротивно на одредбите на ЗИ, утврдено од страна на суд во постапка по приговор против неправилности во извршувањето" и со дејствијата опишани под точка 2 од изреката извршителот А. Т., сторил дисциплинска повреда по член 66 став 1 алинеја 12 "незаконито располага со материјалните средства што ги прибавил во текот на извршувањето", па согласно чл. 62 став 1 т.в) од ЗИ на извршител А. Т. од С.му се утврдува единствена дисциплинска мерка

**ПАРИЧНА КАЗНА**

во висина од ------,00 евра во денарска противредност според среден курс на Народна банка на Република Македонија на денот на изрекувањето.

СЕ ЗАДОЛЖУВА извршителот А. Т. од С.изречената парична казна во висина од ------евра во денарска протвредност според среден курс на НБРМ од ова решение да ја плати во рок од 15 дена од приемот на решението а под страв на присилно извршување.

*Образложение*

На ден 03.07.2018 година до Комората на извршители на РМ е доставен Предлог за поведување на дисциплинска постапка УПП.бр.09-8 од 29.06.2018 година поднесен од страна на Министерот за правда против извршителот А. Т. од С. врз основа на Извештај од извршен надзор УПП.бр.09-8 од 14.05.2018 година спроведен од страна на овластени лица од Министерството за правда во канцеларијата на извршителот на ул. С. Н. зграда ---- на ден 26.04.2018 година.

Предлогот за поведување дисциплинска постапка УПП.бр.09-8 од 29.06.2018 година од Министерот за правда на РМ е поднесен против извршител А.Т. од С. за сторена повреда по член 65 став 1 алинеја 7 од Законот за извршување :"пропуштил да преземе должно дејствие или презел дејствие спротивно на одредбите на ЗИ, утврдено од страна на суд во постапка по приговор против неправилности во извршувањето". Во предлогот се наведува дека извршителот А. Т. од С. при спроведувањето на извршувањето по предметот И.бр.1447/16 и покрај тоа што со Решение ППНИ бр.

85/17 од 27.02.2017 година на Основен суд С. 2 С. биле утврдени неправилности во извршувањето и биле ставени вон сила Налогот за извршување врз недвижност И.бр.1447/16 од 27.12.2016 година и сите преземени извршни дејствија, на ден 28.03.2017 година поднел пријава за промена на правото на наслов- сопственост во АКН Скопје, со прилог Заклучок за предавање во владение И.бр.1447/16 од 08.02.2017 година, со што извршителот постапил спротивно на член 54 став 1 алинеја 11 од Законот за извршување.

Предлогот е со наводи дека извршителот А. Т. сторил дисциплинска повреда по член 66 став 1 алинеја 12 "незаконито располага со материјалните средства што ги прибавил во текот на извршувањето". Во предлогот се наведува дека извршителот при спроведувањето на извршувањето по предметот И.бр.1447/16 со писмен допис побарал од трето лице С. Б. АД С.да му бидат платени средства за јавна објава, но не извршил јавна објава за достава на решението ППНИ.бр.85/17 од 27.02.2017 година до лицето Б. С.од П., ниту ги вратил паричните средства во износ од 7.000,00 денари на третото лице уплатени на ден 28.02.2018 година, иако уште пред да бидат уплатени средствата за јавна објава доверителот со поднесок од 10.01.2018 година го повлекол барањето за извршување, за што извршителот донел Заклучок за запирање на извршување И.бр.1447/16 од 11.01.2018 година со што извршителот постапил спротивно на одредбите на член 54 став 1 алинеи 10 и 13 од Законот за извршување.

Министерот за правда сметајќи дека извршителот А. Т. од С. сторил дисциплинска повреда по член 65 став 1 алинеја 7 од Законот за извршување :"пропуштил да преземе должно дејствие или презел дејствие спротивно на одредбите на ЗИ, утврдено од страна на суд во постапка по приговор против неправилности во извршувањето" и дисциплинска повреда по член 66 став 1 алинеја 12 "незаконито располага со материјалните средства што ги прибавил во текот на извршувањето", предлага Дисциплинската комисија при КИРМ да поведе дисциплинска постапка за утврдување на дисциплинска одговорност на извршител А. Т.од С. и да му изрече соодветна санкција во согласност со одредбите од Законот за извршување.

На одржан главен претрес на Дисциплинската комисија при КИРМ на ден 29.08.2018, извршителот А. Т.од С.наведе дека се неосновани наводите во Предлогот за поведување на дисциплинска постапка, односно истиот постапувал согласно закон дотолку повеќе што С. Б. АД С.како трето лице во постапката веќе имала информација дека долгот по предметот кај извршителот З.П. ќе биде надоместен. Извршителот наведе дека од тие причини не доставил одговор до Дисциплинската комисија на

КИРМ односно чекал одговор од странките дека бил постигнат договор меѓу нив, така што во конкретниот случај никој не бил оштетен и стои зад секоја постапка во извршниот предмет И.бр.1447/16. Извршителот на главен претрес изјави дека неспорен е фактот дека паричните средства кои биле уплатени од третото лице стоеле се уште на сметка на извршителот согласно контактот помеѓу С.ба.АД С. и купувачот за регулирање на другиот извршен предмет заведен пред извршителот З. П. како и дека доколку било потребно можел да ја достави писмената преписка помеѓу извршителот и С. Б.АД С.

На главен претрес одржан на ден 29.08.2018 година, на прашање на Претседателот на ДК на КИРМ , извршителот А.Т. изјави дека сите Заклучоци на купувачот за да изврши упис во јавната книга му биде дадени согласно закон, односно истиот ги имал актите за упис во книгите, а извршителот бил неодлучен поради тоа што купувачот ги имал намирено сите даноци, но сепак извршителот не може да влијае на странките кога ќе ги донесат актите за упис во јавната книга. На прашање на Претседателот на КИРМ, извршителот изјави дека средствата на име аванс за јавна објава односно известувањето до третото лице е извршено на ден 05.02.2018 година а средствата биле уплатени од страна на третто лице С. Б. АД С. на ден 28.02.2018. На прашање на Претседателот на ДК на КИРМ, извршителот А.Т. наведе дека не извршил достава на Решението ППНИ бр. 85/17 од 27.02.2017 година до доверителот Б.С., ниту лично ниту преку јавна објава, а средствата се наоѓале сеуште на неговата посебна сметка, но изјави дека во текот на утрешниот ден ќе изврши поврат на средствата уплатени за аванс за јавна објава на третото лице – С. Б.а АД С..

На главен претрес одржан на ден 29.08.2018 година, на прашање на член на ДК на КИРМ извршителот изјави дека ги предал сите акти за упис на промена на сопственоста на име на доверителот во неговиот предмет и дека погрешил но постапувал совесно без да стори штета на никој. Извршителот на прашање на член на ДК изјави дека уште со поднесување на барањето за извршување, клучевите се наоѓале кај доверителот а на Имотниот лист стоела само хипотеката врз чија основа спроведувал извршување а Налогот за извршување на извршителот З. П. бил втор.

На главен претрес, извршителот приложи Имотен лист од кој е видно дека хипотеката била заснована на ден 27.12.2016 година а Налогот за извршување издаден од извршител З. П.бил упишан претходно во Имотниот лист. На прашање на член на ДК на КИРМ извршителот изјави дека дозволил промена на страна на доверителот на

денот на одржување на продажба на недвижноста и изјави дека до ден денес не било одржано рочиште за делба. На прашање на член на ДК, извршителот изјави дека новиот доверител на рочиштето за продажба самиот ја зголемил цената на недвижноста и не извршил доплата на средства како и дека за истото не го задолжил со Заклучок да изврши доплата на цената.

Дисциплинската комисија на КИРМ на одржан главен претрес на ден 29.08.2018 година, ги дозволи и изведе следните докази:

- Извештај УПП бр. 09-8 од 14.05.2018 година на Министерство за правда на РМ;
- Записник УПП бр. 09-8 од 26.04.2018 година на Министерство за правда на РМ;
- Барање за извршување од доверител Б. С.преку адвокат М.П. до извршител А.Т. од ден 27.12.2016 година;
- Нотарски акт- Договор за хипотека со својство на извршна исправа ОДУ.бр.1275/08 28.10.2008 година на Нотар С. П.;
- Потврда на приватна исправа- солемизација ОДУ.бр.206/09 од 01.09.1999 година на Нотар С.П.;
- Потврда на приватна исправа- солемизација ОДУ.бр.419/99 од 06.12.1999 година на Нотар С.П.;
- Потврда ( Солемизација) на приватна исправа ОДУ.бр.843/16 од 14.12.2016 година на Нотар А.А. – Договор за отстапување на побарување;
- Налог за извршување врз основа на член 154 од ЗИ И.бр.1447/16 од 27.12.2016 година на извршител А. Та.;
- Достава на налог за извршување И.бр.1447/16 од 27.12.2016 година до должници;
- Барање до извршител З. П. од извршител А. Т.;
- Заклучок И.бр.1447/16 од 30.12.2016 година врз основа на член 164 став 1 од ЗИ;
- Извештај за процена на стан и гаража од К.- П.;
- Заклучок И.бр.1447/16 од 30.12.2016 година врз основа на член 179 став 1, член 181 став 1 и член 182 став 1 од ЗИ;
- Исправка на Заклучок И.бр.1447/16 од ден 26.01.2017 година;
- Солемизација- Потврда на приватна исправа – Договор за откупување на побарување ОДУ.бр.16/17 од 30.01.2017 година на Нотар Р.Н.;

- Записник И.бр.1447/16 врз основа на член 175 став 4 од ЗИ од ден 30.01.2017 година;
- Заклучок И.бр.1447/16 врз основа на член 202 став 1 од ЗИ од ден 09.02.2017 година;
- Заклучок И.бр.1447/16 врз основа на член 178 став 1 од ЗИ од ден 08.02.2017 година;
- Записник И.бр.1447/16 врз основа на член 202 од ЗИ од ден 15.02.2017 година;
- Решение ППНИ 85/17 од 27.02.2017 година на Претседател на Основен суд С.2 С.;
- Потврда за прием на пријава за запишување/промена/исправка на грешка/ ажурирање во катастарот на недвижности од ден 28.03.2017 година;
- Пријава за запишување на промена во катастар на недвижности од ден 28.03.2017 година;
- Одговор на барање од извршител А.Т. до Основен суд С.2 С. од ден 17.07.2017 година и извод од поштенска книга;
- Одговор на барање од извршител А. Т.до Адвокатско друштво Г. Д. од Скопје;
- Повлекување на барање за извршување од доверител Д.Ш. од ден 10.01.2018 година;
- Заклучок И.бр.1447/16 врз основа на член 28 став 2 од ЗИ од ден 11.01.2018 година

Дисциплинската комисија на КИРМ на одржан главен претрес, ги разгледа наводите изнесени во предлогот, одбраната на извршителот, па ценејќи ги сите докази одделно и заедно, ја утврди следната фактичка положба:

Извршителот А.Т. од С. спроведувал извршување по предмет И.бр.1447/16 по поднесено барање за извршување од доверител Б. С. од П., преку полномошник адвокат М. П.од С. засновано на извршна исправа – Нотарски акт ОДУ.бр.1257/08 од 28.10.2008 година на нотар С. П. против должникот А. Г.а и заложниот должник А.Г.од С.за спроведување на извршување во вредност од 2.358.898,00 денари. Кон барањето за извршување била приложена и Солемизација на Договор за отстапување на побарување склучен на ден 28.11.2016 година помеѓу отстапувачот К.б. АД С.како отстапувач на побарувањето и Б.С.од П.како примач на побарувањето заведен под ОДУ бр. 843/16 од 14.12.2016 година од Нотар А.А.од Скопје.

Извршителот постапувајќи по барањето за извршување издал Налог за

извршување врз основа на член 154 од ЗИ врз недвижност И.бр.1447/16 од 27.12.2016 година со кој спроведувал извршување врз недвижноста на заложниот должник А.Г. запишана во ИЛ бр. 9907 за КО К.заради наплата на парично побарување на доверителот Б. С. во вкупен износ од 2.661.479,00 денари. Извршителот издал барање до извршител З. П.кај кого било поднесено барање за извршување и била ставена прибелешка на недвижниот имот против истиот должник, со кој го известил дека издал Налог за извршување И.бр.1447/16 од 27.12.2016 година кој се однесува на недвижноста на заложниот должник А. Г. од С. и со оглед на тоа што доверителот има интерес да се намири од продажбата на недвижноста бидејќи се работи за поголема сума од 2.358.898,00 денари бара да му се даде согласност за продажба на недвижноста во форма на заклучок со цел ниту должникот ниту доверителот да не трпат штета. Во списите на предметот нема одговор од извршител З. П.односно произнесување по барањето.

Извршителот издал Заклучок за определување на вешто лице врз основа на член 164 од ЗИ од 30.12.2016 година по што од страна на Друштвото за ревизија и процена К.- П.ДОО бил изготвен извештај за процена на недвижен имот од 30.12.2016 година. Извршителот донел Заклучок за усна јавна продажба од 30.12.2016 година со која била определена продажба на ден 30.01.2017 година при што почетната вредност на недвижноста утврдена со Заклучок И.бр.1447/16 од 30.12.2016 година изнесувала 4.601.081,00 денари под која вредност недвижноста не може да се продаде на првото јавно наддавање. На ден 26.01.2017 година извршителот извршил исправка во Заклучокот за усна јавна продажба И.бр.1447/16 од 30.12.2016 година објавен во дневен печат Н. М.на ден 13.01.2017 година во износот на почетната цена каде стои ,, изнесува 4.601.081,00 денари'' а треба да стои ,, изнесува 2.601.081,00 денари".

На ден 30.01.2017 година била одржана усна јавна продажба за што извршителот составил Записник за продажба на недвижност со усно јавно наддавање И.бр.1447/16 од 30.01.2017 година во кој било наведено дека најповолен купувач бил доверител Д. Ш.о врз основа на Нотарски акти ОДУ бр. 16/17 од 30.01.2017 година кој ја прифатил понудената цена од 2.750,00 денари и нему му се продала недвижноста. Извршителот врз основа на член 175 став 4 од ЗИ издал Заклучок за продажба на недвижност со усно јавно наддавање И.бр.1447/16 од 03.02.2017 година, а на ден 08.02.2017 година издал Заклучок за предавање на недвижност во владение И.бр.1447/16 од 08.02.2017 година на купувачот Д. Ш. кој како најповолен понудувач

согласно Заклучокот за продажба И.бр.1447/16 од 27.12.2016 година на 08.02.2017 година ја уплатил разликата од износот од 282.399,00 денари на име разлика од побарувањето до продажната цена и му била предадена во владение недвижноста заведена во ИЛ. бр 9907 КО К.

Врз основа на член 202 став 1 од ЗИ на ден 09.02.2017 година извршителот издал Заклучок за определување на времето за делба со кој делбата на износот од 282.399,00 денари добиен со продажбата на недвижноста запишана во ИЛ бр. 9907 КО К. се определува за ден 15.02.2017 година. На ден 15.02.2017 година извршителот составил Записник врз основа на член 202 од ЗИ во кој нотирал дека по објавувањето на пристапувањето кон делба на износот од 282.399,00 денари постигнат со продажбата одржана на ден 30.01.2017 година со усно јавно наддавање на недвижноста запишана во ИЛ. бр. 9907 КО К., претставникот на адвокатското друштво Г.Д. соопштил да доверителот С. Б АД С. има поднесено приговор и побарал рочиштето да се одложи се до конечна одлука по поднесениот приговор.Извршителот видно од Записник И.бр1447/16 од 15.02.2017 година за делба на износот постигнат со продажба на недвижност врз основа на член 202 од ЗИ го прифатил предлогот и го одложил се до донесување на конечна одлука по поднесениот приговор со што немал да носи посебен Заклучок за одлагање на рочиштето .

Од страна на третото лице С. Б.АД С. која имала поднесено барање за извршување пред извршител З. П.како доверител за наплата на парично побарување против истиот должник А. Г. врз основа на извршна исправа ОДУ.бр.1141/13 од 20.09.2013 година на Нотар Е. П. бил поднесен приговор за неправилности во извршувањето против Заклучокот за определување на времето за делба И.бр.1447/16 од 09.02.2017 година. Со Решение ППНИ бр. 85/17 од 27.02.2017 година на Основен суд С. 2 С. биле утврдени неправилности при извршувањето и биле ставени вон сила Налогот за извршување врз недвижност И.бр.1447/16 од 27.12.2016 година и сите преземени извршни дејствија по предметот И.бр.1447/16 на извршител А.Т.

Извршителот на ден 28.03.2017 година поднел пријава за промена на наслов-сопственост во АКН со прилог кон пријавата Заклучок за предавање во владение И.бр.1447/16 од 08.02.2017 година а видно од Имотен лист бр. 9907 за КО К.било извршено запишување на сопственост на предметниот имот на име Д. Ш. на ден 03.04.2017 година врз основа на Заклучок за извршена продажба на недвижност од 27.12.2016 година И.бр.1447/16 на извршител А. Т.

На ден 17.07.2017 година извршителот А. Т. до Основен суд С. 2 С.доставил

одговор на барање односно го известил судот да доставата на доверителот ја извршил по пошта на адреса ул. ____ П. и сеуште немал добиено повратница од извршената достава.

На ден 10.01.2018 година доверителот Д. Ш. до извршителот доставил барање за повлекување на извршување против должникот А.Г. од С. по што извршителот донел Заклучок за запирање на извршувањето И.бр.1447/16 од 11.01.2018 година.

Извршителот изготвил писмено известување во Адвокатското друштво Г. Д. од С. полномошник на третото лице С. Б.АД С. со кое ги известил дека средствата за објавување на оглас во износ од 7.000,00 денари може да ги уплатат на неговата трансакцсика сметка а кое известување го доставил на ден 05.02.2018 година, по што на ден 28.02.2018 година на сметката на извршителот бил уплатен износ од 7.000,00 денари од страна на третото лице, но извршителот до денот на надзорот не ја извршил јавната објава ниту пак го вратил уплатениот износ на третото лице иако барањето за извршување било повлечно уште пред да бидат уплатени средствата за јавна објава и бил донесен Заклучок за запирање на извршување И.бр.1447/16 од 11.01.2018 година а кое нешто било потврдено и од страна на извршителот.

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РМ одлучувајќи по повод основаноста на наводите опишани во точка 1 од Предлогот за поведување дисциплинска постапка утврди дека извршителот сторил дисциплинска повреда :"пропуштил да преземе должно дејствие или презел дејствие спротивно на одредбите на ЗИ, утврдено од страна на суд во постапка по приговор против неправилности во извршувањето" по член 65 став 1 алинеја 7 од ЗИ, на начин што при спроведувањето на извршувањето по предметот И.бр.1447/16 и покрај тоа што со Решение ППНИ бр. 85/17 од 27.02.2017 година на Основен суд С. 2 С.биле утврдени неправилности во извршувањето и биле ставени вон сила Налогот за извршување врз недвижност И.бр.1447/16 од 27.12.2016 година и сите преземени извршни дејствија, на ден 28.03.2017 година поднел пријава за промена на правото на наслов- сопственост во АКН С., со прилог Заклучок за предавање во владение И.бр.1447/16 од 08.02.2017 година со што постапил спротивно на член 54 став 1 алинеја 11 од Законот за извршување. Дисциплинската комисија при КИРМ одлучувајќи по повод основаноста на наводите опишани во точка 2 од Предлог за поведување дисциплинска постапка, утврди дека извршителот ја сторил дисциплинската повреда која му се става на товар по член 66 став 1 алинеја 12 "незаконито располага со материјалните средства што ги прибавил во текот на извршувањето", на начин што извршителот при спроведувањето

на извршувањето по предметот И.бр.1447/16 со писмен допис побарал од трето лице С. Б. АД С. да му бидат платени средства за јавна објава, но не извршил јавна објава за достава на решението ППНИ.бр.85/17 од 27.02.2017 година до лицето Б.С.од П., ниту ги вратил паричните средства во износ од 7.000,00 денари на третото лице уплатени на ден 28.02.2018 година, иако уште пред да бидат уплатени средствата за јавна објава доверителот со поднесок од 10.01.2018 година го повлекол барањето за извршување, за што извршителот донел Заклучок за запирање на извршување И.бр.1447/16 од 11.01.2018 година со што извршителот постапил спротивно на одредбите на член 54 став 1 алинеи 10 и 13 од Законот за извршување.

Како во преземените дејствија од страна на извршителот се содржини сите битни елементи на дисциплинските повреди по член по член 65 став 1 алинеја 7 и член 66 став 1 алинеја 12 од ЗИ , ДК при КИРМ го огласи за виновен извршителот А. Т. и согласно чл. 62 став 1 т.в ) и му се изрече дисциплинска мерка парична казна во висина од ______ евра во денарска противредност според среден курс на Народна банка на Република Македонија на денот на изрекувањето.

Дисциплинската комисија при КИРМ при одлучувањето, ги ценеше сите отежнителни и олеснителни околности, а како олеснителна околност го ценеше фактот што извршителот на главен претрес изјави дека не извршил достава на Решение ППНИ бр. 85/17 од 27.02.2017 година до доверителот ниту лично ниту преку јавна објава а средствата авансирани од третото лице- С. Б. АД С., се уште се наоѓале на неговата посебна сметка но дека истите ќе ги врател во текот на наредниот ден меѓутоа истото не беше од влијание за поинакво одлучување.

ДК при КИРМ како отежнителни околности ги зема во предвид тежината на дисциплинските повреди, потоа фактот што извршителот е претходно казнуван како и околноста дека извршителот пропуштил да преземе должно дејствие утврдено од страна на суд во постапка по приговор против неправилности при извршувањето како и околноста дека незаконито располагал со материјалните средства што ги прибавил во текот на извршувањето.

Согласно наведеното, ДК при КИРМ е на мислење дека извршителот бил должен да постапи согласно Решение ППНИ бр. 85/17 од 27.02.2017 година на Основен суд С. 2 С. со кое биле утврдени неправилности во извршувањето и биле ставени вон сила Налогот за извршување врз недвижност И.бр.1447/16 од 27.12.2016 година и сите преземени извршни дејствија, вклучително и истото да го достави до странките

односно до доверителот Б. С. од П. Со преземањето дејствие спротивно на ЗИ утврдено од страна на судот во постапката по приговор против незаконитости во извршувањето, извршителот А. Т. постапил спротивно на член 47 став 3 од Законот за извршување со кој е предвидено следното: „ Ако доставата се врши по пошта таа се врши со препорачана пратка. Ако доставата не успее ќе се направи повторен обид во рок од осум дена со препорачана пратка. При неуспешен повторен обид извршителот доставата ја врши со јавна објава согласно член 48 од ЗИ”.

ДК на КИРМ е на мислење дека извршителот бил должен да изврши поврат на паричните средства уплатени на ден 28.02.2018 година од страна на третото лице С. Б. АД С. преку А. Д.Г. Д.од С. а по претходно барање на извршителот од ден 05.02.2018 година и тоа во износ од 7.000,00 денари а на име јавна објава на Решение ППНИ бр. 85/17 од 27.02.2017 година на Основен суд С. 2 С. до доверителот согласно член 48 од Законот за извршување. Ова од причина што, извршителот А. Т. не ја извршил јавната објава дотолку повеќе што барањето за извршување било повлечено од страна на доверителот Д. Ш.и за што извршителот донел Заклучок за запирање на извршување врз основа на член 28 став 2 од Законот за извршување од ден 11.01.2018 година.

Комисијата ја ценеше одбраната на извршителот дека имал сознанија дека странките постигнале договор односно дека со преземените извршни дејствија не оштетил никого како и тоа што не го спореше фактот дека паричните средства уплатени на име аванс од страна на третото лице С.б.АД С., се уште стоеле на неговата посебна сметка и истите ќе ги врател наредниот ден, меѓутоа истите не беа од влијание за поинакво одлучување. Дисциплинската комисија смета дека со ваквата дисциплинска мерка ќе се постигнат целите на генералната и специјалната превенција.

Дисциплинската комисија при КИРМ на ден 29.08.2018 година согласно член 60 став 1 од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/16 и бр.142/16) одлучи како во изреката на ова решение.

Согласно член 62 став 1 точка в) в.в. со член 68 став 4 од Законот за извршување се задолжува обвинетиот извршител А. Т.од С. да плати на име парична казна износ во висина _____ евра во денарска противредност по среден курс на Народна Банка на РМ на ден на изрекување, на сметка на Комората на извршители на РМ бр.________________во С.Б. АД С., во рок од 15 дена од прием на одлуката, а под страв на присилно извршување.

**КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РМ**
**ДИСЦИПЛИНСКА КОМИСИЈА**
Претседател,
Николче Диневски

-----------------------------

**Правна поука :** против оваа одлука извршителот има право на правна заштита со поведување на управен спор пред Управен суд на РМ во рок од 30 дена по приемот

**Дн:** Министерство за правда на РМ
Извршител А. Т.С.
Претседател на КИРМ
Архива